ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 78**

**Скопје, 20.10.2020 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

**СОДРЖИНА**

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на политички науки и уставно право на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 10**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на политички науки, комуникации и мас-медиуми, граѓанско општество, политички партии и интересни групи на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 18**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн и урбано и просторно планирање и проектирање на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ И УСТАВНО ПРАВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 19-795/3 од 25. 9. 2020 година донесена на 7-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки, одржана на 25. 9. 2020 година, определени сме за членови на рецензентската комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на политички науки и уставно право на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат" на 10.09.2020 година и во предвидениот рок се пријави:

*1. д-р Иван Стефановски*

Врз основа на приложената документација од пријавениот кандидат на Наставно-научниот совет на Факултет за политички науки му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Иван Стефановски е роден во Скопје на 17 јули 1985 година. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз Тито"– Скопје (јазична насока), со одличен успех. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2008 година, со просечен успех 8,88. За време на студиите активно учествува во повеќе студентски и граѓански здруженија и посетува низа семинари и обуки.

Во учебната 2011/2012 година магистрира на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката уставно право на правните студии. За време на мастер-студиите остварува просечен успех од 10,00, а во јули 2012 година ја брани магистерската теза на тема: „Право на јавен собир", со што се стекнува со звањето магистер по право од областа на уставното право/Master of Laws LL.M.

Во учебната 2014/2015 година, како стипендист на италијанската влада се запишува на докторски студии по политички науки и социологија на Факултетот за политички и општествени науки при Универзитетот Скуола Нормале Супериоре (Scuola Normale Superiore) во Фиренца, Италија. По комплетирањето на испитите и другите научноистражувачки активности во рамките на докторските студии, во октомври 2019 година, под менторство на професорките Мануела Кајани (Manuela Caiani) и Донатела дела Порта (Donatella della Porta), успешно го одбранил докторатот на тема: „Израснати на улица? Влијанието на општествените движења врз резултатите од политиките во Југоисточна Европа. Студии на случаи од Македонија, од Бугарија и од Босна и Херцеговина".

Д-р Иван Стефановски има повеќе од 10 години работно искуство во областите на образованието, истражувањето и граѓанскиот сектор. За време на додипломските студии работи како демонстратор по предметите Уставно право, Политички систем, Избори и изборни системи и Конституционализам на Правниот факултет „Јустинијан Први". По кусо волонтирање во адвокатска канцеларија, се вработува како проектен асистент и аналитичар во Граѓанската асоцијација „Мост". Подоцна работи како асистент на правната програма во Фондацијата Отворено општество – Македонија, а потоа и во Центрот за развој на медиуми. За време на последните две години од докторските студии, по враќањето од Фиренца, работи како проектен координатор во Центарот за истражување и креирање политики, а во јуни 2020 година се вработува како постар истражувач во Евротинк – Центар за европски стратегии, каде што во јануари 2020 година е именуван за извршен директор.

Во периодот меѓу 2016 и 2020 година д-р Стефановски работи во повеќе изборни процеси како консултант за набљудувачките мисии на ОБСЕ/ОДИХР во државата.

Во текот на годините д-р Стефановски има работено на повеќе проекти, има учествувано на повеќе научни и стручни конференции, каде што има претставувано истражувачки резултати, а работел и како тренер, консултант и обучувач. Тој ги има одржано следниве позначајни обуки во последните пет години:

- Public Opinion Research: Theory and Practice, delivered training for the Left Initiative Forum and the Social Democratic Party of B&H, Sarajevo, B&H, November 2016;
- Workshop at the YES Summer Camp “Refugees Welcome” – “Campaigning with Success”, Young European Socialists (YES), Terassini, Sicily, Republic of Italy, July 2016;
- Presentation within the School of Public Policy “Mother Theresa” – “The ‘Colorful Revolution’: From Theory to Practice”; Center for Research and Policy Making (under the auspices of the Council of Europe Schools of Political Studies Program); Ohrid, Republic of Macedonia, May 2016;
- Presentation at the Social Democratic Perspectives – Young People in Southeast Europe summer camp – Neoliberalism as a Challenge to Social Democracy: Developments in a Globalized World, Friedrich Ebert Stiftung, Tirana, Republic of Albania, July 2015.

***Научно-истражувачка дејност***

Во изминатите пет години д-р Иван Стефановски ги објавил следниве трудови во меѓународни списанија и во зборници од меѓународни научни конференции:

- "The Impact of Social Movements on Policy Outcomes in Partly-free Democracies: Evidence from the “Citizens for Macedonia” Struggles in a Captured Macedonian State" in East European Politics & Societies and Cultures, 2020 https://doi.org/10.1177%2F0888325419897999
- “From Streets to Seats? Comparing Movement-Parties in Southeast Europe: The cases of Kosovo and Macedonia” in Caiani, M. & Cisar, O. (Eds.) “Far Right Movement-Parties in Europe”, Routledge (December 2018) https://www.routledge.com/Radical-Right-Movement-Parties-in-Europe/Caiani-Cisar/p/book/9781138566767
- “What do we want and how do we do it? Movement Claims and Repertoires in Bosnia and Herzegovina and Macedonia” in Tiempo Devorado, Revista de Historia Actual, Numero 2, Julio 2017, pp. 297-318, ISSN 2385-542 https://revistes.uab.cat/tdevorado/article/view/v4-n2-stefanovski
- “Tracing Causal Mechanisms in Social Movement Research in Southeast Europe: The Cases of Bosnia and Herzegovina and Macedonia – Evidence from the ‘Bosnian Spring’ and the ‘Citizens for Macedonia’ Movements” in SEEU Review, Volume 12, Issue 1 (June 2017), DOI: https://doi.org/10.1515/seeur-2017-0003
- “Citizens for Macedonia” – From Citizen Mobilization to Democratization?, Challenges of Contemporary Society - Proceedings from the International Conference, pp. 397-411, Institute for Sociological, Political and Juridical Research – Skopje, 2016 http://isppi.ukim.edu.mk/files/zbornik.pdf
- “Are e-learning platforms a promising way forward for social cohesion in Europe?”, FESP-YAN, 2016 (co-author)
- “The Impact of the New Media Laws on the Freedom of Expression in Macedonia”, Culture 11 (2015), pp. 15-22, UDC 316.774:342.727(497.7)

https://journals.cultcenter.net/index.php/culture/article/view/160/142

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (10 септември 2020) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| "The Impact of Social Movements on Policy Outcomes in Partly-free Democracies: Evidence from the “Citizens for Macedonia” Struggles in a Captured Macedonian State" | 2020 | Да. East European Politics & Societies and Cultures<br><br>Double blind preview<br><br>Да.<br><br>Списанието е индексирано во повеќе светски бази на податоци меѓу кои Scopus, Web of Science, SCIMago и други. | Да. |
| “From Streets to Seats? Comparing Movement-Parties in Southeast Europe: The cases of Kosovo and Macedonia” in Caiani, M. & Cisar, O. (Eds.) “Far Right Movement-Parties in Europe”, Routledge (December 2018) | 2018 | Да. Поглавје во книга издадена од Routledge | Да.<br><br>https://www.routledge.com/Radical-Right-Movement-Parties-in-Europe/Caiani-Cisar/p/book/9781138566767 |
| “What do we want and how do we do it? Movement Claims and Repertoires in Bosnia and Herzegovina and Macedonia” | 2017 | Да.<br><br>Tiempo Devorado, Revista de Historia Actual<br><br>Да. Списанието е индексирано во повеќе бази на податоци.<br><br>https://www.latindex.org/latindex/ficha?folio=24855 | Да.<br><br>https://revistes.uab.cat/tdevorado/article/view/v4-n2-stefanovski |
| “Tracing Causal Mechanisms in Social Movement Research in Southeast Europe: The Cases of Bosnia and Herzegovina and Macedonia – Evidence from the ‘Bosnian Spring’ and the ‘Citizens for | 2017 | SEEU Review<br><br>Да. Списанието е индексирано во повеќе бази на податоци.<br><br>https://content.sciendo.com/view/journals/seeur/seeur-overview.xml | Да.<br><br>https://doi.org/10.1515/seeur-2017-0003 |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (10 септември 2020) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| Macedonia' Movements" | | | |
| "Citizens for Macedonia" – From Citizen Mobilization to Democratization?, Challenges of Contemporary Society - Proceedings from the International Conference, | 2016 | Да.<br><br>Нема податоци за индексација на списанието.<br><br>https://www.isppi.ukim.edu.mk/post.php?cat=11 | Да.<br><br>http://isppi.ukim.edu.mk/files/zbornik.pdf |
| "Are e-learning platforms a promising way forward for social cohesion in Europe?" | 2016 | Да.<br><br>Нема податоци за индексација на списанието.<br><br>https://www.feps-europe.eu/issues/22-issues/2-next-left.html | Да. |
| "The Impact of the New Media Laws on the Freedom of Expression in Macedonia" | 2015 | Да.<br><br>Да. Списанието е индексирано во повеќе бази на податоци.<br><br>http://journals.cultcenter.net/index.php/culture/about | Да.<br><br>https://journals.cultcenter.net/index.php/culture/article/view/160/142 |

Други публикации:

- *"The Allies and Opponents of the Bulgarian Protests against the Borisov Government, the "Bosnian Spring" and the "Citizens for Macedonia" Movements and their Impact on the Policy Process"* in International Journal of Rule of Law, Transitional Justice and Human Rights, Year 8, Volume 8 ISSN 2232-7541, 2017 https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=725822
- *"From Shallow Democratization to Mobilization: The Cases of the 'Bosnian Spring' and the 'Citizens for Macedonia'"* in International Journal of Rule of Law, Transitional Justice and Human Rights, Year 7, Volume 7, Udruzhenje Pravnik, OSCE and KAS, 2016, pp. 43-52 https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=726015

***Наставно искуство***

Д-р Иван Стефановски има учествувано во наставата на Правниот факултет „Јустинијан Први" како демонстратор на предметите Уставно право, Политички систем, Избори и изборни системи и Конституционализам во периодот 2006–2009 година. На Универзитет Американ

Колеџ Скопје учествувал во наставата како стручњак од практиката - асистент на проф. д-р Зоран Шапуриќ и проф. д-р Роберт Хадсон (Robert Hudson) по предметите Constitutional Law и Media and Politics во периодот 2017–2020 година. Од учебната 2020/2021 тој е ангажиран и во наставата по предметите Electoral Systems и Administrative Law and Public Administration. Дополнително, д-р Иван Стефановски учествувал во наставата на Меѓународниот балкански универзитет, како стручњак од практиката во рамките на предметите Constitutional Law и Administrative Law во 2019 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Иван Стефановски и одредбите на Законот за високото образование, рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно-истражувачка работа е континуирана и ја потврдува ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од научно-истражувачката и од наставната област што тој ја покрива.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и публикациите, Комисијата смета дека д-р Иван Стефановски искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци, Комисијата заклучи дека д-р Иван Стефановски поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитет Американ Колеџ Скопје во Скопје ги исполнува сите услови да биде избран во насловно звање доцент од областа на политичките науки и уставно право.

Според гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, д-р Иван Стефановски да биде избран во насловно звање *доцент* во научната област политички науки и уставно право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Шапуриќ, с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Кимо Чавдар, с.р.
Факултет за правни науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Вон. проф. д-р Марина Андева, с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ, КОМУНИКАЦИИ И МАС-МЕДИУМИ, ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИНТЕРЕСНИ ГРУПИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 19-795 од 25. 9. 2020 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки одржана на 25. 9. 2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на политички науки, комуникации и мас-медиуми, граѓанско општество, политички партии и интересни групи на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат“ на 10/11. 9. 2020 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *д-р Иво Босилков*

Врз основа на приложената документација од кандидатот чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Иво Босилков е роден во Скопје на 24 април 1986 година. Додипломски студии завршил на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во 2008 година, на Факултетот за јазици, култура и комуникација, со просек 8.9. Во дипломската работа ги анализирал трендовите во продукцијата и презентацијата на телевизиски вести, за што бил дел од двомесечен стаж во националната телевизиска станица Канал 5.

По завршувањето на студиите бил вработен во Канал 5 како редовен деск новинар со фокус на надворешна политика, наука и култура, а по две години на оваа позиција, е префрлен во спортската редакција, каде работел како уредник и спикер на главните вести. Како репортер во овој период од пет години има направено повеќе од 150 телевизиски прилози и десетици интервјуа и јавувања во живо од терен.

Во 2013 година ги започнал магистерските студии како дел од програмата „Еразмус Мундус“ по новинарство, медиуми и глобализација, со седиште на Универзитетот Архус во Данска. Во двегодишниот циклус како специјализација ја избрал насоката политичка комуникација понудена од Универзитетот во Амстердам. Во текот на овие студии бил целосно стипендиран од Европската комисија. Во јуни 2015 година ја одбранил магистерската теза со наслов “Брисел преку Атина: зависноста на ставовите на Македонците за евроинтеграциите од нивните позиции кон Грција”.

По завршувањето на постдипломските студии, во октомври 2015 година ги започнал докторските студии во рамките на Мрежата за унапредување на општествени и политички студии (НАСП) при Универзитетот во Милано. Како стипендист на Универзитетот од Павија, во рамките на Мрежата НАСП, работел четири години на докторската теза насловена “Ефекти од изложувањето вести за имиграција: трите димензии на илиберално-трансформативниот популизам.” Тезата е составена од три емпириски поглавја: Перцепции за пристрасноста на покривањето на имиграцијата; Нагласување на заканата од имиграцијата и преференци за извршната власт; и Условен европеизам. Одбраната на тезата е успешно направена во октомври 2019 година на Универзитетот во Амстердам, каде д-р Иво Босилков поминал дел од

докторските студии во рамки на Амстердамската школа за комуникациски истражувања (АСКоР). Неговиот докторат се води како заеднички помеѓу универзитетите во Милано и Амстердам. За време на докторатот, во периодот од декември 2015 до јануари 2016 година работел како асистент-предавач на проф. Франческо Зукини за предметот позитивна политичка теорија. Како кандидат за доктор на науки имал максимални оценки (*cum laude*) во предметите „Статистика за општествени науки“ и „Мултиваријабилна анализа“.

Од септември 2019 до март 2020 година работел како истражувач во Центарот за југоисточни европски студии на Универзитетот во Грац, Австрија. Истражувачката работа во овој период била фокусирана на димензиите на илиберално-трансформативниот популизам, под менторство на проф. Флоријан Бибер. За истражувачкиот период бил стипендиран од Австриската агенција за меѓународна соработка во образование и истражување (ОЕАД).

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Во изминатите пет години д-р Иво Босилков ги објавил следните поглавја во книги и трудови во меѓународни списанија:

De Cesari, C., Bosilkov, I. & Piacentini A. (2019). (Why) do Euroskeptics believe in a common European heritage? In C. De Cesari & A. Kaya (Eds.) *European Memory in Populism: (Mis)Representations of Self and Other*. London: Routledge.

Bosilkov, I. (2019). Media Populism in Macedonia: Right-wing populist style in the coverage of the ‘migrant crisis’. *Central European Journal of Communication, Special Issue on Populism and Media Across Europe,* 12 (2), 206-223.

Bosilkov I. & Azrout R. (2019). Migration threat priming and Macedonians’ preferences towards executive powers. *East European Politics,* 35 (1), 52-71.

Bosilkov, I. & Drakaki, D. (2018) Victims or intruders? Framing the migrant crisis in Greece and Macedonia. *Journal of Identity and Migration Studies,* 12 (1), 26-45.

Bosilkov, I. (2017). Political satire in the Republic of Macedonia: Forms of humour and satire types in the online satirical news outlet Koza Nostra. *International Journal of Media and Cultural Politics*, 13 (3), 249-263.

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (10 септември 2020) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| “Media Populism in Macedonia: Right-wing populist style in the coverage of the ‘migrant crisis’” | 2019 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието https://cejc.ptks.pl/About-Us<br><br>Abstracting/Indexing<br><br>CEEOL – Central and Eastern European Online Library<br>CEJSH – The Central European Journal of Social Sciences and Humanities<br>ERIH PLUS – European Reference Index for the Humanities and Social Sciences<br>EBSCO<br>Ministry of Science and Higher Education, Poland<br>SCOPUS<br>ARIANTA - Polish Scientific and Professional Electronic Journals<br>BazHum - Bibliographic database of journals from humanities and humanistic social studies<br>Emerging Sources Citation Index (Web of Science Core Collection)<br>SCImago Journal & Country Rank | Да. Научно списание кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br><br>Michal Glowacki<br>PhD<br>University of Warsaw<br>email: michal.glowacki@uw.edu.pl<br><br>Agnieszka Stepinska<br>PhD, Professor<br>Faculty of Political Science and Journalism<br>Adam Mickiewicz University in Poznan<br>Email: agnieszka.stepinska@amu.edu.pl<br><br>Rosa Norstrom<br>Phd<br>University of Silesia in Katowice<br>email: roza.norstrom@us.edu.pl |

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (10 септември 2020)** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| “Migration Threat Priming and Macedonians’ Preferences Towards Executive Powers” | 2019 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието https://www.tandfonline.com/action/journalInformation?show=aimsScope&journalCode=fjcs21<br><br>Articles appearing in this journal are abstracted and indexed in:<br>Scopus, EBSCOhost including International Political Science Abstracts Database, Political Science Complete, International Security & Counter Terrorism Reference Center and Public Affairs Index; Periodicals Index Online, CSA Worldwide Political Science Abstracts, Environmental Sciences and Pollution Management, International Bibliography of the Social Sciences and Sociological Abstracts (Online), among others. | Да. Научно списание кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br><br>Editorial board<br>Senior Editors:<br>Adam Fagan - King's College London, UK<br>Petr Kopecký - Leiden University, Netherlands<br>Editors:<br>Lenka Bustikova - Arizona State University, USA<br>Andrea L. P. Pirro - Scuola Normale Superiore, Italy<br>Maria Spirova - Leiden University, Netherlands (reviews)<br>Editorial Assistant:<br>David Gazsi - King's College London, UK<br>Editorial Board:<br>Michael Bernhard, University of Florida, USA<br>Sarah Birch - King’s College London, UK<br>Dorothee Bohle - European University Institute (EUI), Italy<br>Aron Buzogány - University of Natural Resources and Life Sciences, Vienna, Austria<br>Ondrej Císar - Charles University in Prague, Czech Republic<br>Mikołaj Cześnik - SWPS University of Social Sciences and Humanities, Poland<br>Antoaneta Dimitrova - Leiden University, Netherlands<br>Zsolt Enyedi - Central European University (CEU), Hungary<br>Sergiu Gherghina - University of Glasgow, UK<br>Anna Grzymala-Busse - Stanford University, USA<br>Sean Hanley - School of Slavonic and East European Studies (SSEES), University College London (UCL), UK<br>Tim Haughton - University of Birmingham, UK<br>Levente Littvay - Central European University (CEU), Hungary<br>Luke March - University of Edinburgh, UK<br>Jan-Hinrik Meyer-Sahling - University of Nottingham, UK<br>Conor O’Dwyer - University of Florida, USA<br>Mitchell A. Orenstein - University of Pennsylvania, USA |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (10 септември 2020) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| “Victims or Intruders? Framing the Migrant Crisis in Greece and Macedonia” | 2018 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието http://jims.e-migration.ro/About-Us.php<br><br>The Journal of Identity and Migration Studies (JIMS) is recognized as a B+ (CNCSIS) category scientific review by the Romanian National Council for Scientific Research and it is also indexed in several international databases and directories:<br>ProQuest<br>EBSCO (see the Title list: http://www.ebscohost.com/titleLists/poh-coverage.xls)<br>Index Copernicus<br>ZDB<br>DOAJ | Да. Научно списание кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br>International Editorial Board:<br>Editor-in-Chief<br>Cristina Matiuta, University of Oradea, Romania<br><br>Deputy Editor-in-Chief<br>Marius I. Tatar, University of Oradea, Romania<br><br>Editorial Board<br>Gabriel Badescu, Babes-Bolyai University, Romania<br><br>Bernardo Cardinale, University of Teramo, Italy<br>Radu Cinpoes, Kingston University, London, UK<br>Vasile Cucerescu, Institute of International Relations, Chisinau<br>Ioan Horga,University of Oradea, Romania<br>Alexandru Ilies, University of Oradea, Romania<br>Zaiga Krisjane, University of Latvia, Latvia<br><br>Jan Wendt, University of Gdansk, Poland<br><br>Luca Zarrilli, University of Chieti-Pescara, Italy |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (10 септември 2020) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| "Political satire in the Republic of Macedonia: Forms of humour and satire types in the online satirical news outlet Koza Nostra" | 2017 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието https://www.intellectbooks.com/international-journal-of-media-cultural-politics<br><br>Abstracting/Indexing:<br>Academic Search Alumni Edition<br>Academic Search Complete<br>Academic Search Elite<br>Academic Search Index<br>Academic Search Premier<br>Academic Search Ultimate<br>ARTbibliographies Modern (ABM)<br>Bibliography of Native North Americans<br>Bibliography of Native North Americans with FullTEXT<br>Britannica Online Collection<br>British Humanities Index<br>Cambridge Scientific Abstracts<br>Communication & Mass Media Complete<br>Communication Abstracts<br>Communication Abstracts Online<br>Communication Source<br>Current Abstracts<br>EBSCO<br>Emerging Sources Citation Index<br>ERIH<br>Film and Television Literature Index<br>Film and Television Literature Index (with FT) | Да. Научно списание кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.<br>Editorial Board:<br>Editors<br><br>Katharine Sarikakis<br>University of Vienna<br>katharine.sarikakis@univie.ac.at<br><br>Francisco Seoane Pérez<br>Universidad Carlos III de Madrid, Spain<br>fseoane@hum.uc3m.es<br><br>Commentaries Editors<br><br>Liza Tsaliki<br>National Kapodistrian University of Athens, Greece<br>etsaliki@media.uoa.gr<br><br>Izabela Korbiel<br>University of Vienna, Austria<br>izabela.korbiel@univie.ac.at<br><br>Reviews Editor<br><br>Ericka Menchen-Trevino<br>American University, Washington DC, USA<br>menchent@american.edu<br><br>Andrea Morán Ferrés<br>Universidad Carlos III de Madrid, Spain<br>anmoranf@hum.uc3m.e |

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (10 септември 2020) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| | | International Bibliography of Book Reviews in Scholarly Literature in the Humanities and Social Sciences (IBR)<br>International Bibliography of Periodical Literature in the Humanities and Social Sciences (IBZ)<br>MLA<br>Political Science<br>Political Science Complete<br>Public Affairs Index<br>RILM (Abstracts of Music Literature)<br>Scopus<br>Social Services Abstracts<br>SOCindex<br>SOCindex with full text<br>Sociological Abstracts<br>Sociology Source Ultimate<br>Summon<br>Sustainability Reference Center<br>Ulrich's<br>Violence and Abuse Abstract | |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научната активност на д-р Иво Босилков, одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитет Американ Колеџ Скопје, рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно-истражувачка работа е континуирана и ја

потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од неговата научно-истражувачка и наставна област.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и публикациите, Комисијата смета дека д-р Иво Босилков искажува висок интелектуален, научен и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Иво Босилков поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето насловен доцент во областа на политички науки, комуникации и мас-медиуми, граѓанско општество, политички партии и интересни групи.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје д-р Иво Босилков да биде избран во звањето насловен доцент во областа на политички науки, комуникации и мас-медиуми, граѓанско општество, политички партии и интересни групи.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Зоран Шапуриќ, с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Зоран Костов, с.р.
Правен факултет Јустинијан Први,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

вон. проф. д-р Марина Андева, с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН И УРБАНО И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 16-873/3 од 02.10.2020 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, одржана на 02.10.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на Павел Вељаноски за асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн и урбано и просторно планирање и проектирање на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот Слободен печат, на ден 10.09.2020 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *М-р Павел Вељаноски*

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Павел Вељаноски е соработник во наставата на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од Јануари 2019 година, каде учествува во изведувањето на наставата на проектантските предмети Архитектонско проектирање 3 и 4 и урбанистичките предмети Основи на Урбанизам и Урбан Дизајн 1 и 2. Основно и средно училиште завршил во Скопје. Магистрирал на Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2017 година со тема „Пејзажна инфраструктура: Екологијата како генеративна алатка” под менторство на проф. д-р. Митко Хаџи Пуља. Добитник е на архитектонската награда „Тигрите” под покровителство на Амбасадата на Република Полска во Скопје, која од 2017 година се доделува за најдобар магистерски труд на Архитектонскиот факултет при УКИМ. Во учебната година 2018/19 успешно ги заврши студиите на Интернационалната професионална програма за одржливо лидерство „Possible“ спроведени од Економскиот факултет, УКИМ Скопје и ИЕГЕ - Скопје, како дел од програмата Еразмус +. Во 2018 година е стипендист на истражувачката програма “Thesaurus Poloniae” во Краков, Полска, финансирана од владата на Република Полска каде работи на истражувачки труд на тема „Улогата на полските урбанисти при обновата на постземјотресно Скопје“. Со истоимениот труд е дел од изложбата „Скопје: Град, Архитектира и Уметност на Солидарноста“ која се реализираше во Меѓународниот центар за култура во Краков во Јули 2019 година каде Вељаноски учествува како кураторски соработник и коавтор на официјалната публикација. Од 2019 е студент на докторски студии на Институтот за Географија при Природно-математички факутет, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде под менторство на проф. д-р. Благоја Маркоски работи на поле на истражување на Регионално планирање. Од 2019 година во својство на Асистент координатор е дел од Еразмус + проектот ENABLE, проект на кој Универзитет Американ Колеџ Скопје е водечка организација.

Како архитект работи на голем број архитектонски проекти, архитектонски конкурси и истражувања во полето на архитектурата и урбанизмот.

Во 2013 година учествува на интернационалниот конкурс EUROPAN 12: Adaptive city. Во 2015 година на конкурсниот труд за факултетски згради за ФИНКИ + ФФОСЗ при Универзитетскиот кампус во Скопје, освојува награда – откуп. Во 2016 година изработува

идеен и изведбен проект за ребрендирање на филијали за осигурителната компанија Винер Осигурување. Работи на идеен и основен проект за доградба и надградба на Факултет за Фармација при УКИМ во 2018 година. Во 2020 година работи на идеен и изведбен проект за ентериер за Лабораторија за бетон за Гранит АД од Скопје.

Во 2018 година на барање на Општина Кисела Вода, учествува во изработка на студија за „Просторни, програмски и волуменски трансформации: ДУП Ј14, Расадник".

Покрај архитектонската и наставно-образовната дејност, во период од јули 2012 до јули 2016 во улога на Студентски координатор/организатор на студиски патувања е дел од студиската програма SCAPES:LAB каде е дел од организациски одбор за повеќе студиски програми за студенти по архитектура (Шпанија 2012, Франција 2013, Холандија 2014, Германија 2015 и Русија 2016).

Од август 2017 година е фасцилитатор на ученици од основно и средно училипте во културно-едукативна програма The Beit Project, проект финансиран од програмата "Europe for Citizens" каде преку урбаниот простор се поврзува историското наследство со борбата против расизмот, социјалната исклученост и дискриминацијата.

***Наставно-образовна дејност***

- Од септември 2014 до јуни 2017 година е ангажиран како Соработник во настава на проектантските предмети на Архитектонскиот факултет – Скопје при УКИМ.

Во рамките на Архитектонскиот факултет – Скопје при УКИМ зема учество во изведувањето на наставата на следните предмети:
- **Прва година** – Архитектонско Студио 1 и 2.
- **Втора година** – Архитектонско Студио 3 и 4.
- **Четврта година** – Внатрешна архитектура 1, Архитектонска композиција.
- **Петта** година – Внатрешна архитектура 2.

- Во јануари 2019 е ангажиран како Соработник во настава на проектантските предмети на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС зема учество во изведувањето на наставата на следните предмети:
- **Втора година** – Архитектонско проектирање 3 и 4.
- **Трета година** – Основи на Урбанизам, Македонска Архитектура.
- **Четврта година** – Урбан Дизајн 1 и 2.

- Тутор на летна школи и работилници за архитектура:
  Летна школа за Архитектура, Архитектонски Факултет – Скопје
  - Чувство за дом. Алеш Водопивец, Словенија. 2017;
  
  Меѓународна летна школа за Архитектура, Охрид, УАКС – Скопје
  - Материјални контури. Митеш Диксит, САД. 2018;
  - Платформ туризам. Харалд Трап, Австрија. 2019;
  - Сценирање на пејзажот. Макс Босхард, Штефан Медер, Швајцарија. 2020.
  
  Здружението за развој на урбана култура и актуелизација на простор, МЕЛЕЕМ Скопје
  - Мали просторни интервенции во студентски домови. Скопје, 2020.

**Учество на семинари:**

- СКЕЕОР-Студентска конференција за Енергетска ефикасност и одржлив развој. Скопје. 2017;
- Нови приоди во решавањето на скриеното бездомништво. Паблик асоцијација. Скопје. 2017;

- Меѓународна конференција „Одржливо лидерство“- Економски факултет, УКИМ. 2018.

**Учество на изложби:**

- Светлина = Простор - Изложба на фотографии, Архитектонски факултет, Скопје, 2013;
- Наоди - Павиљон на Република Македонија на Венециско Биенале. Соработник. 2014;
- Невидливо Скопје - Архитектонски водич – Музеј на град Скопје, Соработник. 2015.
- Изложба на архитектонски студија – Архитектонски Факултет – Скопје. 2014 – 2017;
- Истражување на формалниот јазик во Македонската црковна архитектура, МАНУ, Скопје, 2017;
- Материјални Контури-Изложба на територијални истражувања, Скопје. Уредник и куратор. 2018;
- БИМАС 2018 – Биенале на Македонска Архитектура – Учество со 2 проекти. Скопје, 2018;
- Студентска изложба – Факултет за Архитектура и Дизајн – УАКС. Скопје, 2019.

**Научни публикации / објавени истражувања:**

- Infrastruktura krajobrazu: ekologia jako narzedzie generatywne - “Architektura-murator”. Warsaw 2017;
- Landscape Infrastructure: challenges of the natural landscape. Зборник на трудови СКЕЕОР Скопје 2017
- Laboratory for territorial architecture: Independent research institute for sustainable thinking in the process of spatial planning. Study paper for project activities and achievements. Skopje. 2018;
- The contribution of Polish urban planners and architects to the post-earthquake reconstruction of Skopje. “Skopje - City, Architecture and Art of Solidarity” ICC Krakow. 2019.

***Општествена дејност***

- Член на жири комисија во 2018 година за наградата „TYGRYSY-ТИГРИТЕ“организирана од Амбасада на Република Полска во Скопје и Архитектонски факултет при УКИМ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Павел Вељаноски искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Ценејќи го сето предходно наведено, Рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот Совет на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ колеџ во Скопје, кандидатот м-р Павел Вељаноски, согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и Законот за високо образование, да биде избран во соработничко звање *асистен*, за група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн и урбано и просторно планирање и проектирање.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Мишко Ралев, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. м-р Викторија Еремеева Наумоска, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. м-р Виолета Бакалчев, с.р.
Факултет за архитектура и дизајн,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

**OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE**

ISSN 1857-5323